ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**„РЕВИЗИЈА " НА СКОПЈЕ 2014?**

Следејќи ја прес конференцијата на експертскиот тим ангажиран од градоначалникот на општина Центар Андреј Жерновски, би сакале да го истакнеме следново: Андреј Жерновски во својата изборна програма на страна 27 ветува „стручна финансиска ревизија". Наместо тоа денес добивме извештај на комисија за утврдување на фактичката состојба од двајца правници кои не се компетентни да извршуваат стручна финансиска ревизија. Во едно свое интервју пред победата на изборите Жерновски вели: *„Повторно ќе потенцирам, дека веднаш по моето стапување на должност, ќе обезбедам спроведување на стручна меѓународна финансиска ревизија на деловите на "Скопје 2014" што ги реализирала општина Центар*." (извор http://faktor.mk/archives/37122). Тој денеска на прес конференција изјави, (парафразирам) дека заради скапата цена, не можел да си дозволи да ангажирана независна ревизорска куќа, но бил во преговори да обезбеди финансиска помош од амбасадите. Сепак, за комисијата, наречена Комисија за утврдување на фактичката состојба, успеал да обезбеди средства за хонорари кои денес беа објавени на порталите. Податоците кои ги објави наведената комисија ниту по формат, ниту по содржина не може да се наречат ревизорски извештај. Според тоа, останува да чекаме на вистинска стручна финансиска ревизија.

Транспарентност Македонија во рамките на своите надлежности, ги следи сосотојбите со проектот популарно наречен Скопје 2014 во континуитет од 2010 година до денес. Минатата недела, во очекување на најавената прес конференција на која ќе се објават резултатите од експертизата на двочлениот тим, на популарниот портал „Либертас" повторно објавивме дел од извештаите, за јавноста да добие што појасна слика за проектот кој има вулгарни епитети како „матни зделки", „перење пари" и сл. Извештаите подготвени од Транспарентност Македонија, кои се однесуваат на Скопје 2014, содржат конкретни примери за прекршување на законите, конкретни случаи, прозвани се конкретни личности и објавени се сумите од незаконските јавни набавки и трошењето на народните пари.

http://libertas.mk/tm-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%B8-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5/

Транспарентност Македонија